CIVICA MOBILITAS

Македонски центар за европско образование
Macedonian Centre for European Training

# ВОДИЧ ЗА УЛОГАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА ОД НЕЛОЈАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА

ФОКУС FOCUS
ФОНДАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕМОКРАТИЈА
FOUNDATION FOR LOCAL DEVELOPMENT AND DEMOCRACY

CIVICA MOBILITAS

Македонски центар за европско образование

Macedonian Centre for European Training

# ВОДИЧ ЗА УЛОГАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА ОД НЕЛОЈАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА

ФОКУС FOCUS

ФОНДАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕМОКРАТИЈА

FOUNDATION FOR LOCAL DEVELOPMENT AND DEMOCRACY

Публикација:
ВОДИЧ ЗА УЛОГАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА ОД НЕЛОЈАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА

Издава:
Македонски центар за европско образование во рамки на проектот TEUCSO (Трансфер на знаење на политиките на ЕУ за намалување на разликите меѓу граѓанските организации од скопскиот и другите плански региони) финансиран од CIVICA MOBILITAS (ЦИВИКА МОБИЛИТАС)

Подготвил:
Фондација за локален развој и демократија „Фокус“- Велес

Дизајн, уредување и печат:
Печатница Северoф
Тираж: 200 примероци
Бесплатен/некомерцијален тираж

Содржината на оваа *публикација* е единствена одговорност на *(Фондација Фокус - Велес)* и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

**Содржина**


**1. Вовед** ____ 3
**2. Методологија** ____ 4
2.1. Активности ____ 5
**3. Заштита на конкуренцијата** ____ 7
3.1. Ограничувања на конкуренцијата ____ 8
3.2. Национално законодавство ____ 12
3.2.1. Устав на Р. Македонија ____ 12
3.2.2. Закон за заштита на конкуренцијата ____ 12
3.2.3. Кривичен законик ____ 20
3.2.4. Подзаконски акти со кои се уредува политиката на конкуренција ____ 21
**4. Комисија за заштита на конкуренцијата** ____ 22
4.1. Надлежности на комисијата ____ 23
4.2. Постапки за заштита на конкуренција ____ 24
4.2.1. Прекршочна постапка ____ 24
4.2.2. Управна постапка ____ 25
4.2.3. Објавување на решенијата на комисијата и другите надлежни органи ____ 27
4.2.4. Прекршоци ____ 27
4.2.5. Заштита на потрошувачите преку заштита на конкуренцијата ____ 28
**5. Улогата на комисијата за заштита на конкуренцијата во пракса** ____ 29
**6. Заклучоци и препораки** ____ 34
**7. Анекс** ____ 36
**8. Библиографија** ____ 38

## 1. ВОВЕД

Фондацијата за локален развој и демократија „Фокус“- Велес во рамките на проектот TUECSO (Трансфер на знаење на политиките на ЕУ за намалување на разликите меѓу граѓанските организации од скопскиот и другите плански региони) финансиран од CIVICA MOBILITAS (ЦИВИКА МОБИЛИТАС), а поддржан од МЦЕО (Македонски центар за европско образование) во периодот од јануари до мај 2016 година, спроведе анализа и истражување и го изработи Водичот за улогата на Комисијата за заштита на конкуренција и постапка за заштита на конкуренцијата. Истиот има за цел да го појасни правниот механизам за заштита од нелојалната конкуренција, да ја појасни улогата на Комисијата за заштита на конкуренцијата, да ги упати физичките и правните лица кои сакат да ги заштитат своите права на кој начин да ги заштитат своите права во согласност со прописите во управна, прекршочна и/или судска постапка.

Предизвик во спроведувањето на истражувањето, анализата и изработката на Водичот беше систематизираното и аналитично разгледување на националните и меѓународни прописи поврзани со заштитата на конкуренцијата, разгледување на состојбите во праксата, пред се на Комисијата за заштита на конкуренцијата, сконцентрирано на локално подрачје Велес. Во предвид е земено и сознанието на граѓаните за политиката за заштита на конкуренцијата и работата на КЗК.

Дополнителен предизвик, беше и дефинирањето на улогата на Комисијата за заштита на конкуренција, постапката пред истата и реалната заштита која Комисијата ја нуди. Поставувајќи ја Комисијата која нуди заштита од една страна, ја разгледавме и другата страна, физичките и правните лица кои имаат потреба да се обратат до истата – нивната запознаеност, права, можности, трошоци, интерес и воопшто исход од обидот да ги заштитат своите права.

Оправданоста за спроведување на анализа, истражување и изработка на Водичот е потребата од

елаборирање на правните институти опфатени со антикорупциското законодавство, посебно запознавање на граѓаните и препријатијата со нивните права, можноста за заштита на истите. Водичот треба да послужи како помагало за разбирање на истите, истиот не дава целосна и сеопфатна теоретска изработка, туку укажува на начинот на кој теоретки граѓаните и претпријатијата можат да ги заштитат правата и улогата на телата која ја нудат заштитата на правата. Истовремено, Водичот отвара прашања за разликата меѓу теоријата и праксата, нормираното и спроведеното, активизирањето на телата и заинтересираните граѓани.

Водичот е изработен користејќи се со комбинирана методологија која се состои од преглед на литература/документи/прописи и истражување – прашалник.

Спроведувањето го надгледуваше МЦЕО (Македонски центар за европско образование).

**2. МЕТОДОЛОГИЈА**

Фондацијата за локален развој и демократија „Фокус"- Велес во рамките на проектот TUECSO (Трансвер на знаење на политиките на ЕУ за намалување на разликите меѓу граѓанските организации од скопскиот и другите плански региони) финансиран од CIVICA MOBILITAS (ЦИВИКА МОБИЛИТАС), а поддржан од МЦЕО (Македонски центар за европско образование) во периодот од јануари до мај 2016 година, спроведе анализа и истражување и го изработи Водичот за улогата на Комисијата за заштита на конкуренција и постапка за заштита на конкуренцијата.

Методологијата има за цел да даде приказ на алатките користени за прибирање и обработка на потребните податоци за изработка на Водичот и пристапот кон изработката на текстот на Водичот, како и на ограничувањата на применетата методологија.

Целта на Водичот е определена во погоренаведениот вовед, а таа е утврдување на поимот нелојана конуренција, потребата од заштита на

конкуренцијата, улогата на Комисијата за заштита на кокуренцијата и начинот на кој поединците можат да ги заштитат своите права. Дополнително е земена во предвид праксата, примената на Законот за заштита на конкуренцијата, неговото спроведување, промоцијата на правата на претпријатијата, промоцијата на Комисијата, а со цел давање препораки за понатамошно унапредување на работата на Комисијата и унапредување на законодавството кое се однесува на лојалната конкуренција, како начин да се спроведе „здраво“ економско општество.

Водичот е изработен користејќи се со комбинирана методологија која се состои од преглед на литература/документи/прописи и истражување – прашалник, прашалникот е спорведен на педесетина микро, мали, средни и големи претпријатија (приложен како анекс), во кој претставниците од претпријатијата одговараа на прашања поврзани со значењето на нелојаната конкуренција, соочувањето со нелојаната конкуренција, начините на заштита и улогата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Прашалникот се спроведе во април 2016 година. Спроведувањето го надгледуваше МЦЕО (Македонски центар за европско образование).

## 2.1.АКТИВНОСТИ

*а) Преглед на литературата/ документација*

Во првата фаза на истражувањето беше направен преглед на достапната литература поврзана со заштитата на конкуренција, како и улогата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Ова во себе вклучуваше анализа на претходни истражувања на слични теми. Постојната литература и податоците кои беа земени предвид се следниве: правни документи (домашни закони, меѓународни договори), извештаите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, академската литература. За составување на прегледот беа консултирани и правни практичари кои го следат прашањето за заштита на конкуренцијата како и други релевантни чинители.

Прегледот на литературата беше извршен во периодот од јануари до март 2016 година.

*б) Спроведување на истражување*

Дополнително од наша страна е спроведен прашалник на педесетина микро, мали, средни и големи претпријатија (приложен како анекс), во кој претставниците од претпријатијата одговараа на прашања поврзани со значењето на нелојаната конкуренција, соочувањето со нелојаната конкуренција, начините на заштита и улогата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.
Прашалникот се спроведе во април 2016 година.

*в) Анализа на податоците и нацрт- водич*

Податоците добиени од достапната документација, извештаите од Комисијата, резултатите од прашалникот и другите активности беа анализирани и вклучени во нацртот на овој Водич. Првичните наоди и заклучоци се разгледаа на 20.05.2016 година, по што се пристапи кон подготовка на текстот на Водичот.

*г) Надгледување во процесот на изработка на анализата*

Во проектниот период се организираа четири обуки и средби на Фондацијата за локален развој и демократија „Фокус“- и МЦЕО (Македонски центар за европско образование. Целта на средбите беше да се направи проверка на содржината, методологијата, временската рамка и планираните активности, како и да се дадат правци за дел од нив, да се утврдат резултатите, евентуалните препораки и заклучоци.

## 3. ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Критериум на пазарната економија е слободната, ефективна и фер конкуренција. Конкуренцијата дејствува како основен координатор и катализатор на секојдневните одлуки на претпријатијата и потрошувачите во пазарната економија. Не постои пазарна економија без конкуренција, не постои конкуренција без пазарна економија. Конкуренцијата како значајна компонента на ефикасна пазарна економија, го промовира развојот на секое поле и благосостојбата на потрошувачите. Конкуренцијата е натпревар помеѓу претпријатијата кои ги нудат своите производи и услуги на потрошувачите за да постигнат одредена деловна цел - профит, продажби или пазарен удел. Претпријатијата си конкурираат во нудењето на производи или услуги преку цената, квалитетот, условите или други фактори кои што потрошувачите ги вреднуваат. Конкуренцијата и слободните пазари се главните двигатели на продуктивноста, ефикасноста, иновативност, инвентивност и развој на производот и соодветно утврдување на фер цени. Конкурентските пазари ги поттикнуваат подобрите технологии и техничкиот развој со цел да обезбедат нови производи и услуги со повисок квалитет за потрошувачите. Конкурентските пазари исто така им даваат на потрошувачите избор во тоа што го купуваат и тоа по цени кои се израз на трошоците на ефикасните производители. Оттука, силната конкуренција помеѓу претпријатијата води до поголем избор, пониски цени и подобри економски резултати Конкуренцијата е инструмент за постигнување на ефикасна алокација на ресурсите, техничкиот развој, благосостојба на потрошувачите и регулирање на концентрацијата на економска моќ. Слободата на тргување, слободата на избор, пристап на пазарот и постигнување на економска ефикасност за максимизирање на благосостојбата на потрошувачите, се другите општо познати цели на лојалната конкуренција Исто така, кконкуренцијата треба да се разбере како еден од мехнизмите на политиката на државата, потребен за создавање на „здрава“ пазарна

економија. Потребата за закон за заштита на конкуренцијата произлегува од економската теорија, според која вкупната благосостојба е најголема кога постои “совршена конкуренција” на пазарите. Совршената конкуренција е само теоретски концепт и не се постигнува во реалниот економски свет. Конкуренцијата ги мобилизира ресурсите во економијата за најпродуктивни употреби и ги мотивира претпријатијата да употребат најефикасни процеси на производство. Според економската теорија, кога едно претпријатие е монопол, тоа остварува високи профити на сметка на своите потрошувачи. Законите имаат за цел да ја намалат моќта на монополите и да се осигураат дека тие ќе нудат производи и услуги по фер цени, да овозможат поефективните конкуренти да влезат на пазарот на кој доминираат неколку претпријатија и да спречат претпријатијата да соработуваат помеѓу себе со цел да ги зголемат цените или да ја ограничат понудата, односно да ја злоупотребат положбата.

### 3.1. Ограничувања на конкуренцијата

Политиката за заштита на конкуренцијата, за остварување на својата најважна задача - заштита на пазарна конкуренција, се бори против трите основни облици на ограничување на конкуренцијата и тоа:

*а) хоризонтални и вертикални ограничувања на конкуренцијата преку договори и договорена практика;*

*б) фактички ограничувања на конкуренцијата преку пазарна моќ: монополи, олигополи, претпријатија со доминантна позиција на пазарот;*

*в) нарушување на пазарната структура преку концентрација на независни претпријатија.*

***а) Хоризонтални и вертикални ограничувања на конкуренцијата преку договори и договорена практика***

Кога се говори за Договор помеѓу претпријатијата се мисли на договор склучен помеѓу претпријатија кои во нормални услови се конкуренти еден со друг, а кој што е склучен за остварување на заедничка корист. Договорите што ја ограничуваат конкуренцијата вообичаено се однесуваат на договарање за цените, производството, пазарите и потрошувачите. За да постои забранет договор, доволно е засегнатите претпријатија да изразат заедничка намера да се однесуваат на пазарот на одреден начин. Не постојат правила во однос на формата на договорот, истиот може да биде усмен, премолчан со конклудентни дејствија воспоставен, меѓутоа практикуван. Основната цел на конкурентското законодавство во однос на договорите е да се обезбеди праведно, правично и фер однесување со самостојни одлуки. Хоризонталните и вертикалните договори може да се сметаат како антиконкурентски. Хоризонтален договор е договор помеѓу претпријатија кои делуваат на исто ниво на производство или дистрибуција, истиот може да ја ограничи конкуренцијата посебно кога тој вклучува фиксирање на цените или поделба на пазарот, потрошувачите, а може да доведе и до ограничување на продажбата или кога пазарната моќ која произлегува од хоризонтална соработка предизвикува негативни пазарни ефекти во однос на цените, квалитет на производите, стандарди на работа, плаќање на работната сила. Од друга страна, хоризонталната соработка може да биде средство за поделба на ризикот, за заштеда на трошоци, заедничко know-how и за побргу лансирање на иновацијата. Вертикален договор е договор помеѓу две или повеќе претпријатија, при што секое од нив делува за целите на договорот, на различно ниво на производство или дистрибуција. Вертикалните договори кои едноставно ја одредуваат цената и количеството за одделна трансакција на продавање или купување, не ја ограничуваат конкуренцијата.

***б) Фактички ограничувања на конкуренцијата преку пазарна моќ: монополи, олигополи, претпријатија со доминантна позиција на пазарот***

Ако претпријатието има пазарна моќ (или е монопол), тогаш претпријатието со своето унилатерално делување (самостојно и контра конкурентно) може да влијае на релевантниот пазар и да и наштети на конкуренцијата, купувачите и потрошувачите, квалитетот и стандардот на производите и услугите. Монополот е состојба кога постои еден понудувач или купувач на пазарот. Монополот е случај сосема спротивен на совршената конкуренција. Монополот има значителна моќ во одредувањето на цените што ги наплатува, може да произведува помала количина на производи и да заработува екстра профит. Олигопол е пазарна структура со неколку понудувачи со високи пазарни удели кои се меѓусебно зависни во донесувањето стратешки одлуки, на пример за цената и квалитетот на производството. Во олигопол, секое претпријатие е свесно дека неговото пазарно однесување ќе влијае на другите понудувачи и нивното пазарно однесување. Доминантна позиција постои кога едно претпријатие има способност да се однесува независно од своите конкуренти, купувачите, снабдувачите и крајниот потрошувач. Конкурентските закони не забрануваат постоење на доминантна позиција, туку ја забрануваат злоупотребата на доминантната позиција. Злоупотреба на доминантна позиција во конкурентското законодавство се однесува на антиконкурентско однесување кое доминантното претпријатие може да го искористи со цел да ја задржи или подобри својата позиција на пазарот. Конкурентскиот закон го забранува ваквото однесување бидејки ја нарушува вистинската конкуренција помеѓу претпријатијата, ги експлоатира потрошувачите и прави доминатното претпријатие да не мора да навлегува во конкурентски натпревар кој и придонел во воспоставувањето на една пазарна економија.

***в) Нарушување на пазарната структура преку концентрација на независни претпријатија***

Пазарната структура исто така може да биде нарушена преку концентрација која може да доведе до создавање или зајакнување на доминантна позиција на пазарот. Ова е една од главните причини, поради која конкурентското законодавство ја опфаќа и контролата на концентрациите. Како антиконкурентски концентрации се сметаат конентрациите кои можат да придонесат за зајакнување на олигополистичката пазарна структура, зголемување на бариерите за влез на пазарот, поделба на пазарите и зајакнување на пазарната моќ која може да се искористи наспроти конкурентите, снабдувачите или купувачите. Конкурентското законодавство вообичаено ги забранува концентрациите со кои се создава или зајакнува доминантната позиција. Но и овие видови на концентрации можат да се дозволат ако претпријатијата што се спојуваат докажат дека концентрацијата ќе придонесе за зголемување на благосостојбата на потрошувачите. Оттука, концентрациите се оправдани од економски причини.

***Според погоре спомнатото секој закон за заштита на конкуренцијата мора да има три столба за заштита:***

*а) општа забрана на хоризонтални и вертикални ограничувања на конкуренцијата преку договори, одлуки и договорени практики со можност за изземање од забраната;*

*б) забрана на злоупотреба на доминантна позиција на релевантниот пазар*

*в) контрола на концентрациите на претпријатијата од страна на конкурентската управа, за да се заштити конкурентска структура на релевантниот пазар.*

## 3.2. НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

### 3.2.1. УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според член 55 од Уставот на Република Македонија, Републиката ја гарантира *слободата на пазарот и претприемништвото, односно обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.* Во овој систем на пазарна економија секој има право на слобода и има можност да ги оствари своите способности и својот начин на живеење. Оттука, системот на пазарна економија претставува уставна рамка и основен услов за развој на човековата личност односно остварување на човековите права. Основните правила за гаранција и развој на конкурентска пазарна економија, посебно во случаите на целосна трансформација на секој сектор од економијата кон пазарна економија, најчесто се потпираат на воспоставување на погодни услови за слободен влез на пазарот.

### 3.2.2. ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА (ЗЗК)

Со цел усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ од областа на конкуренцијата е донесен нов закон во 2010, Согласно член 1 од ЗЗК со законот се уредуваат забранетите облици на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, заштитата на конкуренцијата, како и мерките и постапките во врска со ограничувањата на конкуренцијата. Целта на ЗЗК е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојбата на потрошувачите.

При определувањето на примената на законот, истиот има широк опсег, така што во однос на територијалната примена на ЗЗК, македонскиот законодавец ја прифатил “доктрината на ефект”. Оваа доктрина, дефинирана во член 3, став 1 од ЗЗК, значи дека ЗЗК се применува на сите облици на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата што произведуваат дејство на територијата на

Република Македонија, без оглед на тоа дали актите и дејствијата кои предизвикуваат такво спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата се сторени или преземени во Република Македонија или надвор од нејзината територија. Ова значи дека ЗЗК важи не само за домашни, македонски претпријатија и други ентитети опфатени со персоналниот опсег на примена на ЗЗК, туку важи и за странски претпријатија и ентитети доколку нивните акти или дејствија на било кој пазар во светот истовремено предизвикуваат дејство и на територијата на Република Македонија. Според персоналната примена ЗЗС се применува на: претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа и јавни претпријатија, претпријатија на кои им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес, кои по својата природа претставуваат монополи кои прибираат приходи или имаат посебни и ексклузивни права или концесии, освен во случаите кога примената на одредбите од овој закон би го спречило извршувањето на надлежностите утврдени со закон или за коишто тие субјекти се основани. Значаен поим за примена на член 3, став 2 од ЗЗК е поимот “претпријатие”. Овој поим е дефиниран во член 5 од ЗЗК како “"претпријатие" е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и друго), слободните професии, (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари и друго), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има јавни овластувања или орган на државната управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не”. Како значаен е објаснет и поимот “економска активност”, кој истотака е дефиниран во членот 5 од ЗЗК. Според македонскиот законодавец, “економска активност” претставува промет на стоки и/или услуги на пазарот со цел остварување на добивка.

***ОСНОВНИ ОБЛАСТИ РЕГУЛИРАНИ СО ЗЗК***

ЗЗК регулира три основни области каде може да се наруши конкуренцијата:

***а)ограничувачки договори, одлуки и договорена практика***

***б)злоупотреба на доминантна позиција***

***в)контрола на концентрации.***

При секое регулирање законодавецот внимавал и на исклучоците и нужните и неопходни толерирања на практично нарушената конкуренциј, кои меѓтоа секогаш имаат свое образложение и опрадување било од економски било од природен карактер.

***а) Ограничувачки договори***

Член 7 од ЗЗК содржи генерална забрана за хоризонтални и вертикални ограничувања на конкуренцијата преку договори и договорени практики.

**Член 7**

(1) Забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои:

1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување;

2) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите;

3) го делат пазарот или изворите на снабдување;

4) применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција или

5) го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

(2) Договорите и одлуките или поединечните одредби од истите, кои се забранети согласно со ставот (1) од овој член, се ништовни.

(3) Одредбите од ставот (1) на овој член нема да се применуваат на договори, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување што придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, а кои:

1) не им наметнуваат на засегнатите претпријатијата ограничувања што не се неопходни за постигнувањето на тие цели и

2) не им овозможуваат на тие претпријатија елиминирање на конкуренцијата во значителен обем за стоките или услугите кои се во прашање.

(4) По исклучок и кога е тоа потребно заради заштита на јавниот интерес при примена на членот 7 од овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата може по службена должност со решение да утврди дека овој член не се применува врз определен договор, одлука на здружение или усогласено однесување, бидејќи не се исполнети условите од членот 7 став (1) или се исполнети условите од членот 7 став (3) на овој закон.

***б) Злоупотреба на доминантна позиција***

Членовите 10 и 11 од ЗЗК се однесуваат на доминантната позиција и на нејзината злоупотреба. Во член 10 е утврдено кога едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, при што може да се утврди постоење доминантна позиција на едно претпријатие но исто така може да се утврди колективна односно заедничка доминантност на пазарот. Во членот 10 став 1, 2 и став 3 се дадени критериумите според кои се утврдува дали едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар при што претпоставката за постоење на доминантна позиција на едно претпријатие е ставена како учество на релевантниот пазар повеќе од 40%. Оваа претпоставка е само претпоставка што значи дека во одреден случај зависно и од другите критериуми за утврдување за

постоење на доминантна позиција, може да се утврди постоење на доминантна позиција за претпријатие кое има пазарен удел под 40% односно да се утврди непостоење на доминантна позиција за претпријатие кое има пазарен удел над 40%.

Критериумите за доминантна позиција дефинирани во член 10 став 2 од ЗЗК можат да бидат сумирани во три главни групи по редослед на опаѓачка важност: пазарна структура, структура на фирмата и пазарно однесување.

Структурата на релевантниот пазар мора да биде таква да му овозможува на претпријатието способност да се однесува значително независно заради отсуство на ефективна конкуренција. Главни елементи се пазарното учество на претпријатието, неговата водечка улога во поглед на пазарното учество во однос на конкурентите, степенот на зависност на неговите купувачи или добавувачи, и неговата способност да ги одредува своите цени и услови за продажба без сериозно да ги земе во предвид конкурентските реакции на помалите конкуренти. Проценката на пазарната структура е најважниот елемент во утврдувањето дали претпријатието има доминантна позиција.

Структурата и карактеристиките на самото претпријатие може да му дадат можност да ја спречи ефективната конкуренција, како резултат на неговата внатрешна сила. Релевантни фактори се технолошките ресурси на претпријатието, производните капацитети, пристапот до репроматеријали, финансиската моќ и други комерцијални предности кои тоа претпријатие може да ги има во однос на своите конкуренти.

Однесувањето на фирмата на пазарот, како што е наплатување на превисоки цени, или наметнување на грабливи цени во однос на конкурентите, може да бидат индикација дека претпријатието се однесува независно од своите конкуренти и следствено поседува доминантна позиција. Сепак мора да се внимава при извлекувањето на заклучоци од однесувањето на претпријатието, бидејќи повеќето видови на однесување можат да бидат практикувани и

од доминантни и од недоминантни претпријатија. За да се утврди постоење на доминантна позиција на релевантен пазар, потребно е да се дефинира релевантниот пазар и тоа релевантен пазар на производ и релевантен географски пазар.

**Член 11**

(1)Забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел.

(2)Злоупотребата од ставот (1) на овој член особено постои во случај на:
1) директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови натргување;
2) ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите;
3) примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција;
4) условување на склучување договори со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на договорот;
5) неоправдано одбивање да се тргува или поттикнување и барање од други претпријатија или здруженија на претпријатија да не купуваат или продаваат стоки и/или услуги на некое определено претпријатие, со намера на нечесен начин да му се нанесе штета на тоа претпријатие и
6) неоправдано одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надоместок, доколку без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини ќе биде оневозможено да дејствува како конкурент на определен релевантен пазар.

(3) Одредбата од ставот (2) точка 6 на овој член нема да се применува ако претпријатието со доминантна позиција докаже дека, заради оперативни или други

причини, истовременото користење на неговата мрежа или на неговите инфраструктурни објекти не е возможно или дека тоа не може да се дозволи од оправдани причини.

***в) Контрола на концентрациите***

Обврска за известување за концентрација Контролата на концентрациите е регулирана со членовите 12-25 од ЗЗК. Контролата на концентрациите утврдена во ЗЗК се применува на сите стопански дејности вклучувајки ги и услугите. Сепак со ЗЗК се опфатени само концентрациите кои го исполнуваат условите утврдени во член 12 од ЗЗК.

**Член 12**

(1)Концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а како резултат на:
1) спојување на две или повеќе претходно независни претпријатија или делови од претпријатија или
2) стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од:
- едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие или
- едно или повеќе претпријатија, преку купување на хартии од вредност или имот, со договор или на друг начин пропишан со закон.
(2) Контролата од ставот (1) на овој член се состои од права, договори или други средства кои одделно или во комбинација, а имајќи ја предвид фактичката или правната состојба, даваат можност за вршење одлучувачко влијание врз претпријатието, особено преку:
1) сопственост или право на користење на целиот или дел од имотот на претпријатието или
2) права или договори кои даваат можност за одлучувачко влијание врз составот, гласањето или донесувањето на одлуки од органите на претпријатието.
(3) Контролата се стекнува од лица или претпријатија кои:

1) се иматели на правата или се стекнале со права по пат на договорите од ставот (2) на овој член или 2) се овластени да ги вршат таквите права иако не се носители на таквите права, ниту се стекнале со права по пат на договорите од ставот (2) на овој член.

(4) Создавањето заедничко вложување (joint venture), кое на долгорочна основа ќе врши активности на автономна економска целина, се смета за концентрација согласно со ставот (1) точка 2 од овој член.

(5) За концентрација на претпријатија не се смета кога:

1) банки, штедилници и други финансиски институции или друштва за осигурување чии редовни активности опфаќаат правни работи и тргување со хартии од вредност, привремено стекнуваат хартии од вредност со намера тие повторно да се продадат во рок од една година од моментот на нивното стекнување и доколку гласачките права од тие хартии од вредност не се вршат со намера да се влијае на конкурентското однесување на претпријатието на пазарот. Комисијата на посебно барање може со заклучок да го продолжи рокот од една година, доколку стекнувачот докаже дека од оправдани причини не можел да ги продаде хартиите од вредност. Против овој заклучок не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор; 2) контролата се врши од страна на застапник на друштво во стечајна постапка или во постапка на ликвидација, односно кај претпријатија основани надвор од Република Македонија, лица кои ја вршат соодветната функција согласно со законодавството според кое е основано претпријатието и 3) инвестиционите фондови стекнуваат капитален интерес во претпријатија, под услов тие да ги вршат стекнатите права единствено со цел да се задржи полната вредност на нивното вложување и доколку не се врши влијание на конкурентското однесување на претпријатијата на пазарот.

Известување за концентрација до Комисијата за заштита на конкуренцијата се поднесува, ако: 1) заедничкиот вкупен годишен приход на сите

претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или
2) заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија, го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата и/или
3) пазарниот удел на еден од учесниците изнесува повеќе од 40% или вкупниот пазарен удел на учесниците во концентрацијата на пазарот изнесува повеќе од 60% во годината што и претходи на концентрацијата.

### 3.2.3. КРИВИЧЕН ЗАКОНИК

Кривичниот законик на Р. Македонија во два члена ја заштитува конкуренцијата. Во член 283 е наведено дека одговорното лице во правно лице кое ќе склучи договор или ќе учествува во склучување на договор, одлука или усогласено однесување, забранети со закон, кои имаат за цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, па поради тоа правното лице ќе се здобие со имотна корист од големи размери или ќе предизвика штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години. Сепак законодавцот предвидува олеснување за лицата кои соработуваат така што одговорното лице во правното лице ќе се ослободи од казна, доколку открило или дало значителен придонес во откривањето на склучениот договор, донесена одлука или усогласено однесување забранети со закон, што имало за последица надлежниот орган за заштита на конкуренцијата во постапка за утврдување на постоење на картел, согласно со правилата за заштита

на конкуренцијата да определи ослободување, односно намалување на глобата на правното лице.

Нелојалната конкуренција во работи на наворешно – трговскиот промет е заштитена со член 284 од Кривичниот законик: „Застапник или претставник на домашно правно лице кој знаејќи дека друго домашно правно лице претходно постигнало спогодба со странска фирма за работа во надворешно-трговскиот промет или дека претстои склучување договор за таа работа, ќе и даде понуда на таа фирма за продажба или за купување на ист вид стока, односно за извршување на иста услуга, па поради тоа странската фирма ќе се откаже од склучување на договорот или договорот ќе се склучи под понеповолни услови за домашното правно лице, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Ако сторителот на делото се здобил со имотна корист од големи размери или предизвикал штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години. Ако делото го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

### 3.2.4. ПОДЗАКОНСКИ АКТИ СО КОИ СЕ УРЕДУВА ПОЛИТИКАТА НА КОНКУРЕНЦИЈА

1. Уредба за групно изземање на одредени видови на хоризонтални договори за специјализација (Службен весник на Република Македонија бр. 44/12);
2. Уредба за групно изземање на одредени видови на договори за трансфер на технологија, за лиценца и за know-how (Службен весник на Република Македонија бр. 44/12);
3. Уредба за групно изземање на одредени видови на договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила (Службен весник на Република Македонија бр. 41/12);
4. Уредба за групно изземање на договори за осигурување (Службен весник на Република Македонија бр. 91/05);
5. Уредба за групно изземање на одредени видови на хоризонтални договори за истражување и развој (Службен весник на Република Македонија бр. 41/12);

6. Уредба за групно изземање на одредени видови на вертикалните договори (Службен весник на Република Македонија бр. 42/12);
7. Уредба за поблиските услови за договори од мало значење (Службен весник на Република Македонија бр. 44/12).
8. Уредба за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со истражувањето (Службен весник на Република Македонија бр.44/12).
9. Уредба за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката под која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глобата Службен весник на Република Македонија бр. 41/12)

## 4. КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА (КЗК)

Орган надлежен за спроведување на ЗЗК е Комисијата за заштита на конкуренцијата. Комисијата е самостоен државен орган со својство на правно лице, со седиште во Скопје. Принципи на кои се заснова работењето на Комисијата се: самостојност и независност во работењето; колективност во одлучувањето и отчетност и одговорност пред законодавната власт. Комисијата е составена од Претседател и четири члена кои на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија за период од 5 години со право на повторен избор. Управните, стручните и другите административно-технички работи на Комисијата ги врши стручна служба, со која раководи генерален секретар кој го именува и разрешува Комисијата.

## 4.1. НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА

Основни надлежности на Комисијата:

- ја контролира примената на одредбите на ЗЗК и прописите донесени врз основа на истиот;
- ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција и
- да води постапки и донесува одлуки во случаи на забранети договори;
- злоупотреба на доминантна позиција;
- контрола на конценртрации и
- во сите дрги случаеви определени во ЗЗК.

Комисијата ги донесува одлуките на седница со мнозинство гласови од вкупниот број членови, а член на Комисијата неможе да биде воздржан од гласање.

Други надлежности на Комисијата се:

- утврдува методологија за истражување на пазарот;
- утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата, мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата;
- дава мислење по предлози на закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои можат да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот и во писмена форма го доставува до надлежниот орган. Органот ја известува Комисијата за причините заради кои не го прифатил мислењето на Комисијата;
- на барање на Собранието, Владата на Република Македонија, други државни органи, претпријатија или по службена должност, Комисијата дава стручни мислења за прашањата од областа на конкуренцијатаи заштита на конкуренцијата на пазарот;
- Комисијата ги извршува работите на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, пренесени во надлежност на Комисијата, учествува во спроведувањето на проектите на меѓународните органи и органите на Европската Унија и соработува со органите на другите земји и институции од областа на конкуренцијата;

- со статут и други општи акти ги уредува прашањата за начинот на работата и организацијата, и
- извршува и други работи утврдени со ЗЗКи друг закон. При извршување на своите надлежности Комисијата соработува со други државни органи и тела за прашањата кои се во врска со заштитата на конкуренцијата. Комисијата и регулаторните тела се должни да разменуваат податоци и информации што им се потребни за вршење на своите надлежности, чиј обем на размена на информации е ограничен на податоци и информации што се соодветни и пропорционални на целите за кои што се разменуваат.

## 4.2. ПОСТАПКИ ПРЕД КОМИСИЈАТА

### 4.2.1. ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршок се поведува по службена должност, по барање на генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата или по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење на прекршок. Комисијата за одлучување по прекршок ја поведува прекршочната постапка со заклучок, против кој не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор. Комисијата за одлучување по прекршок задолжително поведува постапка ако утврди дека е можно настапување на значително нарушување на конкуренцијата. Заклучокот за поведување постапка се доставува до лицето против кое е поведена постапката и до подносителот на барањето, доколку постапка е поведена по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење на прекршок.

Лицето против кое е поведена постапка има право да даде одговор во рок од осум дена од денот на приемот на заклучокот за поведување на постапка. По исклучок, по барање на лицето против кое е поведена постапката, рокот може да се продолжи уште најмногу за 15 дена, ако за тоа постојат оправдани причини. Прекршочната постапка поведена пред Комисијата за одлучување по прекршок не е итна.

Учесници во прекршочна постапка се: лицето против кого е поведена прекршочна постапка и подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка.

Заради спроведувања на овластувањата Комисијата спроведува доказна постапка во која може да бара информации, податоци од претпријатијата, да прибавува докази на лице место, како и да побара известувања од лицата кои се учеснци во постапката, непочитувањето на барањата на Комисијата подлежи на прекршочно санкционирање.

Пред конечно утврдување на фактичката состојба и носење на решение, Комисијата во случај кога се исполнети условите може да дозволи исполнување на одредени обврски од страна на лицето против кое е поднесено барањето.

Откако Комисијата за одлучување по прекршок во целост ќе ја утврди фактичката состојба од значење за правилно одлучување, донесува:решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон и изрекува соодветна прекршочна санкција или решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката не сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон.

**Судска заштита во прекршочна постапка**

Решенијата на Комисијата за одлучување по прекршок се конечни. Против таквите решенија може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од осум дена од денот на приемот на решението и истата го одлага извршувањето на решението.

### 4.2.2. УПРАВНА ПОСТАПКА

Ако постојат околности кои укажуваат на можноста конкуренцијата да биде нарушена, Комисијата за заштита на конкуренцијата може да спроведе истражување во определен сектор на економијата или за определен вид на договори во различни сектори на економијата. Во текот на истражувањето, Комисијата за заштита на

конкуренцијата може со заклучок да побара од претпријатијата да достават податоци во врска со нивната економско-финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци од значење за истражувањето. против заклучокот не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор. Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата може врз основа на податоците прибавени со истражувањата да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за одлучување по прекршок.

Заради спроведувања на овластувањата Комисијата спроведува доказна постапка во која може да бара информации, податоци од претпријатијата и да прибавува докази на лице место.

Во рок од 30 дена од денот на приемот на правосилното решение Комисијата за заштита на конкуренцијата може на сторителот на прекршокот со решение да му наложи потребни мерки на однесување и структурни мерки за отстранување на штетните последици од нарушувањето на конкуренцијата настанати со прекршокот и да определи рокови за нивно извршување. Пред донесување на решението Комисијата за заштита на конкуренцијата на сторителот на прекршокот му дава можност писмено да се изјасни за мерките и роковите барањето за изјаснување. Решението се донесува во скратена постапка.

**Судска заштита во управна постапка**

Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата донесени во управна постапка се конечни. Против таквите решенија на Комисијата за заштита на конкуренцијата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението и истата не го одлага извршувањето на решението.

### 4.2.3. ОБЈАВА НА РЕШЕНИЈА НА КОМИСИЈАТА И ДРУГИ НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Конечните решенија на Комисијата, како и пресудите, односно решенијата на судовите по тужби против решенијата на Комисијата се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија,, и на веб страница на Комисијата каде се објавуваат и известувањата за концентрациите. Објавениот текст на решението мора да ги содржи имињата на учесниците во постапката и основната содржина на решението. На веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата се објавуваат и известувањата за концентрациите со наведување на називите на учесниците, седиштето, основните деловни активности на учесниците, како и формата на концентрацијата, при што се повикуваат сите заинтересирани лица во рокот определен во известувањето да поднесат свои коментари, мислења и забелешки во врска со предметната концентрација.

Објавувањето има за цел да обезбеди целосна транспарентност во работата на Комисијата, но истовремено и заштита на правата на субјектите чии интереси се засегнати со донесените одлуки.

### 4.2.4. ПРЕКРШОЦИ

ЗЗК прави квалификација на потешки и полесни повреди на одредбите на ЗЗК. Тешки повреди на одредбите на ЗЗК се повреди кои имаат за цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата. За потешките повреди на ЗЗК предвидена е глоба и тоа: за склучување на забранети договори, злоупотреба на доминантна позиција и непостапување по решение на Комисијата, може да се изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход на претпријатието. Глоба е предвидена и за неподнесување известување за концентрација или сроведување на концентрацијата спротивно со ЗЗК. Прекршочни санкции се предвиден и за полесни прекршоци, насочени кон претрпријатијата меѓутоа и кон одговорните лица. Со ваквите парични казни се очекува да се оствари ефикасна заштита на конкуренцијата, особено преку: зајакнување на дисциплината на учесниците на пазарот во почитувањето на ЗЗК, превентивно дејство, преку одвраќање на претпријатијата од однесувања со кои се нарушува конкуренцијата на пазарот и правичост и еквивалентност помеѓу казната и настанатата штета врз конкуренцијата, како јавен

интерес, од една страна и стекнатата добивка на претпријатието што е резултат на антиконкурентско однесување, од друга страна.

### 4.2.5. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРЕКУ ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Едно од основните права на потрошувачите е правото на избор. Државата е одговорна да го исполни ова право преку обезбедување различни избори. Ова може да се постигне само преку слободен пазар и ефикасна конкуренција. Постоење на слободна конкуренција значи постоење на еднакви конкурентски услови за сите учесници на пазарот, постоење и развој на претпријатија преку воведување на нови производи со подобар квалитет и дизајн, задоволувајки различни вкусови на потрошувачите. Целта на заштитата на конкуренцијата е да се одржи нивото на конкуренција на пазарот. За крајните потрошувачи тоа се рефлектира во ниски цени, широк избор на асортиман на производи и технолошка иновација. За да се обезбеди дека пазарот ќе делува правилно значи да им се овозможи на потрошувачите да ги направат најдобрите избори, што ќе се одрази на однесувањето на производителите. Основната цел на ЗЗК исто така е подигање на свеста на потрошувачите во поглед на нивните права и инструменти за заштита на таквите права. Клучната задача на Комисијата за заштита на конкуренцијата е да ги објасни користите од борбата за заштита на конкуренцијата за граѓаните. Важната улога на ЗЗК, во заштитата на потрошувачките права може да се види како од главната цел на самиот закон - обезбедување благосостојба на потрошувачите, така и посебно од одредбите на член 7 (3) од ЗЗК. Имено, во доделувањето на законски изземања на договорите помеѓу претпријатијата, одлуките на здруженија на претпријатија и договорена практика, ЗЗК предвидува можност само за изземање на таквите договори, кои им овозможуваат на потрошувачите фер удел од користа која што произлегува од нив, како што е јасно утврдено во член 7 став 3 од ЗЗК.

## 5. УЛОГАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА ВО ПРАКСА

При спроведувањето на истражувањето за изработката на овој Водич во предвид беше земена работата на Комисијата низ објавените извештаи за 2010 година до 2014 година. Во кои неочекувано, со оглед на широкот распон на овластувања, очигледен е релативно малиот број на постапки кои се водат пред Комисијата во делот на заштитата на конкуренциата.

Имено во 2010 година Комисијата повела вкупно 25 управни постапки (од кои 22 за концентрации, 2 за забранети договори и 1 за злоупотреба на доминантна позиција), а завршила 26 управни постапки (од кои 21 за концентрации, 1 за алоупотреба на доминантна позиција и 4 за забранети договори). Во 2010 година се поведени 7 прекршочни постапки (6 за злоупотреба на доминантна позиција и 1 за полесни прекршоци) а се завршени 3 постапки (2 за злоупотреба на доминантна позиција, 1 за полесни прекршоци).

Во 2011 година се поведени 4 прекршочни постапки, а се донесени 7 решенија во управна и прекршочна постапка (од кои 2 за забранети договори, 5 за злоупотреба на доминантна позиција) и поведени 22 управни постапки, а завршени 18 за концентрации.

Во 2012 година комисијата повела 6 постапки за забранет договор (2 по управна, 6 по прекршочна постапка), а се донесени 2 решенија во управно и 3 решенија во прекршочна постапка. Во однос на злоупотреба на доминантна позиција поведени се 5 постапки, 1 во управна, 4 прекршочни и денесено е 1 решение. Поведени се 23 постапки за концентрации, 22 се решени.

Во 2013 година комисијата повела 5 постапки за забранет договор, а се донесени 1 решение во управно и 1 решение во прекршочна постапка. Во однос на злоупотреба на доминантна позиција поведени се 4 постапки, и денесено е 1 решение во управна постапка и 2 во прекршочна постапка. Поведени се 18 постапки за концентрации, 18 се решени.

Во 2014 година се донесени 4 решенија во прекршочна постапка за забранети договори. Во однос на злоупотреба на доминантна позиција

донесени се 4 решенија. Поведени се 29 постапки за концентрации, 30 се решени.

Од анализата во извештаите несомнено е дека Комисијата за заштита на кокуренцијата има недоволна активираност во процесот на спроведување и заштита на ЗЗК, дотолку повеќе очигледно од анализата беше дека отстапувањето е исклучиво во домен на големи претпријатија, микро, малите и средните претпријатија немаат никаква заштита.

Покрај анализата на работата на Комисијата спроведено е истражување и во о. Велес со спроведување прашалник на педесетина микро, мали, средни и големи претпријатија (приложен како анекс), во кој претставниците од претпријатијата одговараа на прашања поврзани со значењето на нелојаната конкуренција, соочувањето со нелојаната конкуренција, начините на заштита и улогата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Прашалникот се спроведе во април 2016 година.

Прашалникот даде поразителни резултати бидејќи од истиот се утврди дека претпријатијата воопшто не знаат како да се заштитат од нелојалната конкуренција иако се соочуваат со истата.

На прашање на испитаниците дали се запознаени со поимот нелојална конкуренција истите во најголем дел одговорија дека се запознаени, од друга страна најголем број од испитаниците не се запознаени со начинот на кој би се заштитиле и органот кој ја нуди заштитата.



8. Дали во деловните односи сте се соочиле со одреден вид на нелојана конкуренција?
(52 responses)




9. Доколку е така со каков вид на нелојана конкуренција? (54 responses)




10. Дали сте се обиделе да се заштитите од нелојаната конкуренција?
(54 responses)




13. Дали сте запознаени со работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата?
(54 responses)




14. Дали сте се обратиле до Комисијата за заштита на конкуренцијата?
(54 responses)






**Во прашалникот испитаниците беа прашани дали се заинтересирале за органот кој ја обезбедува заштитата на конкуренцијата, меѓутоа во најголем дел истите одговорија дека не се обиделе индивидидуално да се запознаат со работата на Комисијата.**






**Испитаниците во голем процент изјавија и дека сметаат дека не чувствуваат подеднаква достапност и ефективност во досегашниот механизам за заштита на конкуренцијата. Повеќе од половина се изјаснија дека не се задоволни од целокупниот процес на заштита на конкуренцијата. Од спроведените истражувања и анализи се утврди пред се запознаеноста на испитаниците со поимот нелојална конкуренција, но не и запознаеноста со нивните права во насока на заштита од нелојалната конкуренција како и органот кој ја заштитува, претпријатијата и граѓаните како да немаат ефективни механизми за заштита и покрај пропишаните. Комисијата за заштита на конкуренција е орган кој останува практично во сенка, непромовиран и речиси недостапен за заинтересираните.**

**Граѓаните делумно знаат што значи нелојалната конкуренција, свесни се дека се среќаваат со истата, но од одговорите очигледно е дека освен помирувањето со состојбата, немаат друг начин да се заштитат.**

**Комисијата и покрај функционирањето од една декада е сепак орган со кој малкумина се имаат запознаено, правните механизми се тајна за најголем дел од испитаниците. Непромоцијата на органот и законот кој ја заштитува нелојаната конкуренција вродија со „анемичност“ во екомијата, неквалитет во производите и услугите, се поголемо зголемување на цените, од друга страна претпријатија трпат со сопствен неуспех во деловните односи. Оваа уставна категорија какода ги изневери и претпријатијата и потрошувачите.**

## 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Заклучоци:

- Надлежностите на комисијата се со широк опсег, но не се спроведувани во пракса, Комисијата се соочува со сопствена незаинтересираност, нефункционалност и неподготвеност да одговори на потребите на законот;
- Заинтересираните групи за заштитата од нелојаната конкуренција и тоа претпријатијата и потрошувачите воопшто не се запознаени ниту со законот за заштита на конкуренцијата, ниту со органот кој ја заштитува конкуренцијата.
- Органот кој што ја заштитува конкуренцијата покрај фактот дека е ставен во сенка, истиот не е достапен до заинтересираните лица.
- Лојалната конкуренција, правата на потрошувачите воопшто не се промовирани ниту пак се преземени мерки за промоција, запознавање на заинтересираните групи и овозможување достапност до органитекои би требало да бидат надлежни за заштитата.

Препораки:

- За да започне ефективната примена на ЗЗК, потребно е истиот да се промовира преку обуки, работилници и советувања кои ќе бидат насочени кон правните лица, физичките лица, судии, јавни обвинители, адвокати, медијатори, а во соработка и соодветните Комори;
- Примената на ЗЗК е врзана и со достапноста до органот кој ја нуди заштитата, во оваа насока покрај промоцијата предлагаме и да се размисли за децентрализација на органот по останатите општини, отварање на одделенија, како механизам со кој би се доближила работата на Комисијата до поодлачените региони;
- Работата на Комисијата не само што треба да биде промовирана на заинтересираните лица,

и самата Комисија треба да покаже поголема активност во својата работа, досегашната работа упатува или на незапознаеност со деловните потфати на претпријатијата или незаинтересираност. Комисијата очигледно е дека нема доволно ресурси од финансиски и кадровски аспект за спроведување на постапките и прибавувањата на сознанија. Согласно ова неопходно е како подобрување на организационо – функционалната поставеност во рамки на Комисијата, така и соработка со државните и правосудните тела кои ќе бидат во насока на помош на Комисијата.

# 7. АНЕКС

## ПРАШАЛНИК ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА

Почитувани,

Ве молиме да одвоите неколку минути за да го пополните овој прашалник чија цел е да се идентификуваат реалните проблеми во заштитата од нелојална конкуренција и да се дадат конструктивни предлози за нивно надминување. Одговорите нема да се анализираат индивидуално, туку како групни сознанија ќе помогнат подобро да се осознае практиката на заштита од нелојана конкуренија, институционално и индивидуално, проблемите со коишто се соочува бизнис-секторот, како и евентуалните предлози кои ги имате за унапредување на заштитата од нелојална конкуренција и Законот за заштита од нелојана конкуренција.

Прашалникот можете да го пополните во електронска форма и да ни го испратите на следната е-маил адреса: d.ristov@focus.org.mk

ВИ БЛАГОДАРИМЕ!

**1. Назив на трговското друштво кој го претставувате** (*не мора да го наведувате, но и доколку го наведете овој податок нема да се објави во анализата)*:

**2. Седиште на друштвото:**

**3. Времетраење на друштвото** *(дали друштвото е основано на определено или неопределено време и колку време е во деловниот сообраќај):*

**4. Големина на друштвото според Закон за трговски друштва:**

а) микро
б) мало
в) средно
д) големо

**5. Дали сте запознаени со поимот нелојана конкуренција?**

**Да Не**

**6. Што според вас означува истиот?**

**7. Дали во деловните односи сте се соочиле со одреден вид на нелојана конкуренција?**

**Да Не**

**8. Доколку е така со каков вид на нелојана конкуренција?**

- постоење на забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата;
- злоупотреба на доминантната позиција од страна на претпријатија кои поседуваат доминантна позиција;
- контрола на концентрациите на претпријатијата;
- дампинг цени(продажба под цена на чинење);
- измама за цена (кога е рекламирана една цена, а во суштина вистинската цена е различна):
- измама за производот на конкурентот(кога се користат лаги во презентација на квалитетот на производот на конкурентот);
- избегнување / криење на данок(со цел да се добие поефтин производ);

- лажење за квалитетот на производот;
- ДРУГО (наведете)________________________________________

**9. Дали сте се обиделе да се заштитите од нелојаната конкуренција?**

**Да Не**

**10. Доколку сте се обиделе да се заштитите дали тоа го сторивте самостојно или побаравте помош од надлежнен орган ?**

**11. Кое правозаштитно средство го употребивте за да се заштитите?**

**12. Дали сте запознаени со работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата?**

**Да Не**

**13. Дали сте се обратиле до Комисијата за заштита на конкуренцијата?**

**Да Не**

**14. Дали сте запознаени кои правни средства можете да ги примените за заштита на Вашите права пред Комисијата?**

**Да Не**

**15. Дали во Вашата општина е промовирана работата на Комисијата за заштита од конкуренција?**

**Да Не**

**16. Дали сте се обиделе индивидуално да се запознаете со работата на Комисијата за заштита од конкуренција?**

**Да Не**

**17. Дали сметате дека заштитата на конкуренција е подеднаково достапна и преставува добар механизам за спречување на нелојалната конкуренција за сите?**

**Да Не**

**18. Посочете ги најчестите повреди на законските одредби?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**19. Наведете што би смениле во Законот за заштита на конкуренција?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**20. Како го оценувате вкупниот процес на заштита на конуренција во Република Македонија?**

***(Ве молиме, заокружете ја соодветната бројка)***

1 2 3 4 5

(негативно) (едвај доволно)(добро) (многу добро (одлично)

## 8. БИБЛИОГРАФИЈА


- Устав на Р. Македонија („Сл. Весник на Р.Македонија“ бр. 52/91; Амандманите I и II „Сл. Весник на Р.Македонија“ бр. 1/92; Амандманот III „Сл. Весник на Р.Македонија“ бр. 31/98; Амандманите IV-XVIII „ Сл. Весник на Р.Македонија “ бр. 91/01; Амандманот XIX „Сл. Весник на Р.Македонија“ бр. 84/03; Амандманите XX-XXX „ Сл. Весник на Р.Македонија “ бр. 107/05).
- Закон за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 136/11, 41/14)
- Кривичен законик на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011).
- Уредба за групно изземање на одредени видови на хоризонтални договори за специјализација (Службен весник на Република Македонија бр. 44/12);
- Уредба за групно изземање на одредени видови на договори за трансфер на технологија, за лиценца и за know-how (Службен весник на Република Македонија бр. 44/12);
- Уредба за групно изземање на одредени видови на договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила (Службен весник на Република Македонија бр. 41/12);
- Уредба за групно изземање на договори за осигурување (Службен весник на Република Македонија бр. 91/05);
- Уредба за групно изземање на одредени видови на хоризонтални договори за истражување и развој (Службен весник на Република Македонија бр. 41/12);
- Уредба за групно изземање на одредени видови на вертикалните договори (Службен весник на Република Македонија бр. 42/12);
- Уредба за поблиските услови за договори од мало значење (Службен весник на Република Македонија бр. 44/12).
- Уредба за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со истражувањето ( Службен весник на Република Македонија бр.44/12).

- Уредба за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката под која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глобата Службен весник на Република Македонија бр. 41/12)
- Насоки за вертикални ограничувања – извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за примена на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата за хоризонтални договори за соработка– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за оценка на хоризонталните концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за оценка на вертикални и конгломератни концентрации– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за можни измени и преземање на обврски во однос на пријавените концентрации прифатливи за Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно Законот за заштита на конкуренцијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за начинот на поднесување и пополнување на известување за концентрација– извор:www.kzk.gov.mk
- Водич за откривање незаконски договарања во постапките за доделување на договори за јавни набавки– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за поимот - концентрација– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за примената на член 7 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за ограничувањата директно поврзани и неопходни за спроведување на концентрацијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за дефинирање на релевантен пазар за целите на законот за заштита на конкуренцијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за начинот на изготвување на недоверлива верзија на решенијата на Комисијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно законот за заштита на конкуренцијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за примената на член 7 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Брошура за Уредбата за изземање на

вертикалните договори за исклучиво право на дистрибуција, селективно право на дистрибуција, исклучиво право на купување и франшизинг– извор:www.kzk.gov.mk

- Насоки за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно член 47 од ЗЗК– извор:www.kzk.gov.mk
- Насоки за дефинирање на релевантен пазар за целите на ЗЗК– извор:www.kzk.gov.mk
- Водич за Законот за заштита на конкуренцијата– извор:www.kzk.gov.mk
- Брошура за видовите ограничувања на конкуренцијата согласно ЗЗК– извор:www.kzk.gov.mk
- Брошура за контрола на концентрациите согласно ЗЗК– извор:www.kzk.gov.mk
- Комисија во сенка, конкуренција за декор: дваесетти извештај од следењето на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ – Скопје: Фондација отворено општество – Македонија, 2013
- Годишен извештај на комисијата за заштита на конкуренција за 2014 – извор:www.kzk.gov.mk
- Годишен извештај на комисијата за заштита на конкуренција за 2013 – извор:www.kzk.gov.mk
- Годишен извештај на комисијата за заштита на конкуренција за 2012 – извор:www.kzk.gov.mk
- Годишен извештај на комисијата за заштита на конкуренција за 2011 – извор:www.kzk.gov.mk
- Годишен извештај на комисијата за заштита на конкуренција за 2010 – извор:www.kzk.gov.mk

CIVICA MOBILITAS

Македонски центар за европско образование

Macedonian Centre for European Training

ФОКУС
FOCUS

ФОНДАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕМОКРАТИЈА
FOUNDATION FOR LOCAL DEVELOPMENT AND DEMOCRACY